Бр./Nr 12-387/5
26-07-2024

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-387/1 од 24.01.2024 година, оформен по доставена пријава во врска со објавениот оглас за избор на директор на ООУ “------” – -----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-387/1 од 24.01.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 24.01.2024 година, поднесена е пријава во врска со објавениот оглас за избор на директор на ООУ “-----” – ----- и оформен е предмет број 12-387/1 од 24.01.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за корупција, дискриминација и неправилни критериуми во самиот оглас, како и за поднесени невалидни документи од кандидатите.

Подносителот наведува дека по добиена усна телефонска информација на 18.01.2024 година од страна на претседателот на Училишниот одбор, подносителот на пријавата бил информиран дека не бил избран од нивна страна и дека немало да има интервју со него туку со другиот избран кандидат на 22.01.2024 година. Имено, нивниот в.д директор и претходно имал служено 5, 6 мандати, незаконски без положен испит за директор, а го назначувал градоначалникот. Подносителот барал проверка дали бил направен службен прекршок со тоа што в.д директорот влијаел при изборот на директор со присуство на состанокот на Училишниот одбор. Дополнително, подносителот на пријавата навел дека бил дискриминиран, дека против в.д директорот имало поднесено повеќе пријави по разни основи, додека на самиот оглас имало неправилни критериуми, но и поднесени невалидни документи.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК се обрати до Државниот просветен инспекторат со допис – Барање за доставување на податоци и информации бр. -----од -----година со цел обезбедување на документација во однос на пријавените наводи.

Во законски утврдениот рок доставен е допис – Доставување податоци и информации број ----- од -----година во кој е наведено дека Државниот просветен инспекторат на ден ----- година извршил вонреден инспекциски надзор во училиштето и за констатираното од извршениот инспекциски надзор бил составен Записник Ип1 бр ----- од ----- година, во кој не се констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзор.

Во горенаведениот записник е наведено дека вонредниот инспекциски надзор бил извршен по претставка бр. ----- од ----- година, поднесена од страна на подносителот на пријавата. Комисијата за селекција на кандидати при увид во доставената документација на кандидатите за директор на училиштето, утврдила дека еден од двајцата пријавени кандидати (подносителот на пријавата), не ги исполнува условите наведени во јавниот оглас, односно поседува – Диплома за завршен курс по англиски јазик од ----- година издаден од ДПТУ ----- увоз-извоз -----, што не било во согласност со одредбите од член 109 став 3 од Законот за основно образование, во делот на соодветност на сертификат за познавање на англиски јазик. Државниот просветен инспекторат врз основа на утврдената фактичка состојба, а во однос на наводите на претставката, согласно член 9 и член 29 од Законот за просветна инспекција, утврдил дека постапката за избор на директор на ООУ "-----" – ----- била спроведена согласно одредбите од

член 115 од Законот за основно образование, и согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор ја запрел постапката.

Од горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, од причина што по извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат не биле утврдени повреди на постапката за избор на директор на основното училиште, туку напротив истата била спроведена со почитување на релевантните одредби од Законот за основно образование.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: М-р Ц.Р, Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата (ако подносителот е познат)